




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**16-22 јуни 2026 Билтен бр. 639**

# ОПШТИНА КАРПОШ УСПЕШНО ГО ЗАЈАКНУВА МЕЃУНАРОДНИОТ АНГАЖМАН ПРЕКУ ЕВРОПСКИТЕ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТОТ „ФЕР ИГРА“

**16 јуни**

**Општина Карпош продолжува активно да ги унапредува своите меѓународни партнерства и учеството во европските програми, потврдувајќи ја својата посветеност кон европските вредности, инклузивните политики и локалниот развој.**

**Во рамките на програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ (ЦЕРВ), Роберт Јанковски, заменик-раководител на Секторот за развој при Општина Карпош, ја претставуваше општината на меѓународен работен состанок организиран од Европската асоцијација за локална демократија – АЛДА, кој се одржа во Виченца, Италија.**

**Настанот беше посветен на имплементацијата на проектот „Фер игра“, европска иницијатива насочена кон промоција на еднаквоста, инклузијата и безбедноста во спортот на локално ниво, преку соработка меѓу повеќе европски партнери.**

**Во рамките на работната агенда, учесниците следеа специјализирани обуки и тематски сесии за интегрирање на родовите перспективи во јавните политики, со посебен акцент на родовата еднаквост во спортот. Преку практични активности, размена на искуства и дискусии, беа разработени модели за креирање инклузивни спортски програми и политики кои ќе придонесат за поголема еднаквост и безбедност во локалните заедници.**

**Партнерите работеа и на подготовка на заеднички документ за заштита и безбедност на децата во спортот, со цел воспоставување унифицирани европски стандарди за сигурна и инклузивна спортска средина.**



# ВО ТЕК ОБНОВА НА ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА ВО КАРПОШ

**16 јуни**

**Во Општина Карпош во моментов се обновуваат чешмичките за пиење вода на неколку локации на локалната самоуправа. Изминатите денови, старите чешмички беа заменете со нови во населбата Бардовци, Карпош 3 и Влае на плоштадот Делфина. Станува збор за веќе постоечи чешми кои беа нефункционални, скршени и не беа во состојба за користење. Целта на оваа акција е карпошани да имаат достапна вода за пиење на локациите каде што се поставени чешмите, каде можат да се разладуваат во овие топли летни денови. Промената на чешмите ја врши фирмата ,,Хидротек", а средствата се обезбедени во рамки на Програмата на Секторот за екологија и енергетска ефикасност. Карпош продолжува секојдневно со инвестирање и преземање активности за подобрување на квалитетот на животот на своите жители.**



# ЗАПОЧНА МЕЃУНАРОДНАТА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

**16 јуни**

**Започна седумдневниот заслужен летен одмор за првенците на генерација и најдобрите спортисти од Општина Карпош. Интернационалниот детски летен камп ,,Каливас" во Грција, кој се наоѓа на крајбрежјето во Метаморфози, Халкидики, од денеска ќе биде побогат за уште неколку талентирани ученици и спортисти од Карпош, кои ќе имаат можност да се дружат и да поминат заедно дел од летниот распуст.**

**Локалната самоуправа финансиски го обезбеди престојот на првенците на генерација, основците од најуспешните спортски екипи во фудбал, кошарка и одбојка за девојчиња, како и индивидуално прогласени ученици-спортисти, за постигнатиот успех во рамки на училишните спортски игри Карпош 2026. Во истоимениот детски камп, Општина Карпош обезбеди неколкудневен престој и за осумте ученички – одбојкарки од Карпош кои го освоија првото место на турнирот кој го организираше Општина Кисела Вода, по повод одбележување на нивниот патронен празник, Св. Ѓорѓија.**

**Општина Карпош ќе продолжи да ги поддржува младите умови и да ги наградува, како поттик да продолжат напред со нивното образование и наука.**



# ЛЕТНА ЧИТАЧКО-КРЕАТИВНА ДЕТСКА АВАНТУРА ВО КАРПОШ

**Во период од 16 јуни до 16 јули, библиотеката ,,Другарче" ќе биде централно место за дружење, креативност и многу читање. Станува збор за проектот ,,Читањето како навика, библиотеката како дом-Интерактивни читачки работилници за деца", во организација на Марија Павлеска, едукатор и основач на профилот ,,Мама ми чита".**

**Проектот е финансиски поддржан од Општина Карпош, преку Програмата за култура на Секторот за дејности од јавен интерес.**

**Работилниците ќе се одржуваат секој вторник и четврток, во период од пет недели. За време на овие интерактивни читачки и креативни работилници, децата ќе откриваат нови книги, ќе создаваат свои приказни и ќе развиваат читачки и социјални вештини во друштво на своите врсници. Во текот на еден месец, децата ќе уживаат во игра и драматизација како и стекнување на нови пријателства.**

**Читачко-креативната работилница се однесува за деца од 4 до 12 годишна возраст, а учеството е бесплатно кое претходно се пријавува преку порака на инстаграм профилот @mama_mi_chita.**

**Општина Карпош секогаш ги поддржува ваквите иницијативи со цел да се поттикне љубовта кон читањето и навиката да се посетува библиотеката од најмала возраст.**



# ОПШТИНА КАРПОШ УЧЕСТВУВА ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПОСИЛНА И ПОЕФИКАСНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**Претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, присуствуваше на Работната средба со претседателите на советите на единиците на локалната самоуправа, организирана во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“. Проектот го спроведува УНДП, во соработка со Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС. На денешниот прв работен состанок беа презентирани активностите и целите на проектот, како и наодите од спроведените истражувања поврзани со локалната самоуправа. Во рамки на работната средба се дискутираше и за предизвиците со кои се соочуваат општинските совети при извршувањето на своите надлежности, можностите за унапредување на нивната работа, како и зајакнувањето на процесите на децентрализација.**

**Присутните претседатели на советите разменија искуства и ставови со цел подобрување на функционирањето на локалната самоуправа и создавање поефикасни механизми за одговор на потребите на граѓаните.**



# НОВИ ФИТНЕС ИГРАЛИШТА ВО УЧИЛИШТАТА ВО КАРПОШ

**Општина Карпош продолжува со реализација на проекти и активности насочени кон унапредување на условите за образование, физичка активност и здрав развој на учениците преку модернизација на училишната инфраструктура.**

**Во услови кога современите животни текови и растењето на трендот за зголемено користење на технологијата влијаат на намалената физичка активност кај децата и младите, Општина Карпош презема конкретни чекори за создавање услови кои ќе поттикнат активен и здрав начин на живот.**

**Во таа насока, оваа година поставивме нови фитнес зони во три општински основни училишта: ООУ „Којдан Чернодрински“, ООУ „Вера Циривири Трена“ и ООУ „Аврам Писевски“. Во текот на следната година ќе бидат поставени фитнес зони и во останатите седум општински основни училишта.**

**Фитнес зоните се поставени на подлога од вештачка трева со површина од 60 м2 и опремени се со реквизити за безбедно користење на отворено, дизајнирани и наменети за вежби за развој и зајакнување на локомоторниот апарат кај учениците.**

**Средствата за реализација на оваа активност се предвидени во годишната Програма за спорт на Општина Карпош, а реализатор на проектите е компанијата Мегаспорт од Скопје.**



# ЦЕЛОСНО НОВА ГРАДИНКА„ПРОЛЕТ 2" ВО КОЗЛЕ

**Општина Карпош ја започува изградбата на нов, современ објект на градинката „Пролет" -Објект Пролет 2 во Козле кој ќе биде лоциран на улицата Милан Марковиќ, на местото на стариот досегашен објект.**

**Новиот објект е проектиран согласно современите стандарди за престој и развој на децата, со предвидена изградена површина од 1.156 м2 и вкупна површина за игра и зелени површини од 1.949 м2.**

**Капацитетот на новата градинка изнесува 130 деца.**

**Овој нов современ објект на градинката „Пролет„ содржински е уреден со зони за згрижување на децата, административен дел, кабинети, чајна кујна, креативен простор, помошни простории, подземен паркинг, лифт и кровна зелена тераса. Објектот ќе содржи седум занимални со посебни санитарии и посебни тераси како и една сензорна соба и тоалет за деца со инвалидитет.**

**Заменик-градоначалникот Неделчо Крстевски, истакна дека со реализација на овој проект, по долгогодишен период, општината конечно добива нов, современ објект во урбаниот дел од Карпош, наменет за најмалите жители.**

**-Посебно сме горди што денес започнуваме со изградба на објект кој ќе биде дом на најмладите карпошани. Не станува збор само за инвестиција во објект туку за инвестиција во иднината на нашите најмали жители, во место во кое ќе растат, ќе се развиваат и ќе создаваат спомени" – истакна Крстевски.**

**Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 137.245.089 денари, средства обезбедени од Владата преку јавен повик, на кој Општина Карпош аплицираше со сопствен проект. Рокот за завршување на проектот е 120 дена.**

**Изведувач на градежните работи е Друштвото за производство, трговија и услуги ,,НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, а надзор над градежните работи ќе врши МГ ПРОЕКТ.**

**Со изградната на новиот објект „Пролет 2", Општина Карпош продолжува со унапредување на предучилишната инфраструктура и создавање современи услови за воспитување, образование и правилен развој на најмладите жители.**





# ОПШТИНА КАРПОШ ВЛОЖУВА ВО МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР

**Општина Карпош започна со реализација на активности за унапредување на јавниот простор, поттикнување на рекреативни содржини и создавање места за дружење и активен живот на граѓаните. Како дел од овие активности, поставени се пет нови шах маси со две седишта кои овозможуваат истовремено користење од двајца играчи. Со оваа иницијатива, јавниите површини во Карпош добиваат содржина која ги обединува генерациите и го поттикнува развојот на интелектуалните и социјалните вештини.**

**Шах масите се поставени на пет локации низ општината: УЗ Влае – плоштад „Делфина“, УЗ „Пецо Божиновски Кочо“ – кај бродчето, УЗ „Кузман Јосифовски Питу“ – кај споменикот, плато кај Млечен и Карпош 3 – кај фонтаната.**

**Проектот во наредиот период ќе продолжи да се реалиизра и во останатите урбани заедници, со цел што повеќе жители ќе добијат можност да уживаат во оваа древна интелектуална игра и квалитетно поминато време во своето маало.**

**Средствата за реализација на активноста се обезбедени преку Годишната Програма за спорт на Општина Карпош, а реализатор на проектот е компанијата Мегаспорт од Скопје.**

**Општина Карпош останува посветена на создавање современа, функционална и достапна средина за сите граѓани, со содржини кои придонесуваат за подобар квалитет на живот и посилна локална заедница.**



# ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО КАРПОШ

**Претставници од Општина Карпош од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита земаа активно учество на конференцијата насловена – „Ран почеток, трајни придобивки – градинка за секое дете!“, која се одржа на 18 јуни 2026 година во салата на хотелоте Холидеј Ин во Скопје.**

**На оваа панел дискусија беа присутни претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, УНИЦЕФ, асоцијацијата на приватни градинки, приватниот сектор, како и други релевантни чинители и развојни партнери.**

**Цел на настанот беше да се претставaт клучните наоди и модели за системско зајакнување на предучилишното образование преку партнерство и соработка меѓу јавниот и приватниот сектор ,а беше отворен дијалог за мерките за проширување на пристапот преку различни механизми за финансирање и испорака на услуги, земајќи ги во предвид и најранливите категории**

**Како заклучок од учесниците на настанот беше потенцирано дека проширувањето на пристапот до образование и грижа во раното детство не е само прашање на инфраструктура, туку бара поширока трансформација на системот. Подобрата координација меѓу централната и локалната власт, градинките и работодавачите, заедно со одрживото инвестирање во квалитет, работна сила и инклузија, ќе бидат пресудни за тоа секое дете да добие најдобра шанса на почетокот на својот живот.**

